**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ

од спроведеното истражување за начините на реализација на онлајн наставата во услови на пандемија од КОВИД-19, во дел од училиштата во Републиката, со фокус и на учениците со попреченост

**август, 2020**

## I. Вовед

Секое дете има право на квалитетно образование, а притоа да се почитуваат и унапредуваат неговото достоинство и оптимален развој. Овој пристап заснован на човековите права на детето го признава и **Конвенцијата за правата на детето (КПД)** и **Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП),** во кои јасно се изразува целта да се гарантира квалитетно образование за сите, како и важноста на обезбедување целосна поддршка за развој на потенцијалот на секое дете. Квалитетното образование може да се постигне само кога сите деца, вклучувајќи ги и најмаргинализираните и најисклучени деца, одат на училиште и добиваат сеопфатно квалитетно образование што им ги обезбедува сознанијата потребни за живот.

Образование кое е инклузивно, еднакво и квалитетно за сите е една од Целите за одржлив развој - документот на Обединетите нации*, во којшто се содржани вкупно 17-те цели и нивните 169 потцели кои имаат за цел да ја искоренат сиромаштијата во сите форми и „*бараат остварување на човековите права за сите и постигнување родова еднаквост*“.

Образованието како едно од основните човекови права на детето е нотирано во член 28 од Конвенцијата за правата на детето каде е наведено дека *државите членки му го признаваат правото на детето на образование и поради постепено остварување на ова право врз основа на еднакви можности, го прогласуваат основното образование за задложително и бесплатно за сите, и го поттикнуваат развојот на различните облици средно образование, вклучувајќи го општото и стручното образование кое им е достапно на сите деца*. И членот 24 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост вели дека *државите потписнички го признаваат правото на образование на лицата со попреченост, без дискриминација и врз еднакви можности, а државите потписнички ќе обезбедат инклузивен образовен систем на сите нивоа*.

Народниот правобранител, следејќи ја состојбата со остварувањето на правото на образование на децата преку посебното Одделение за заштита на правата

* усвоен на јубилејното, 70-то Генерално собрание на ОН во 2015 година, од страна на сите 193 земји членки, меѓу кои и нашата

на децата и лицата со попреченост, во чии рамки дејствува тимот за мониторирарање на имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, имајќи предвид дека со прогласувањето на пандемијата од Ковид-19, а согласно одлуките на Владата на Република Северна Македонија, почнувајќи од 11.03.2020, па сé до крајот на учебната 2019/20 година наставата во сите воспитно-образовни установи се спроведуваше преку учење од далечина, одлучи да изврши истражување на кој/кои начин/и се реализираше он лајн наставата во дел од основните и средните училишта во кои има и ученици со попреченост, кои беа предизвиците, недостатоците и предностите на онлајн наставата и ефектите од истата.

## II. Цел и методологија на истражување

Истражувањето имаше една ***главна цел*** - да се утврди како се реализираше наставата во услови на далечинско учење во редовните основни и средни училишта генерално, вклучително и на инклузираните ученици со попреченост.

Истовремено, преку ова истражување Народниот правобранител сакаше да добие целосна слика за состојбата со онлајн наставата, односно кога училиштата започнале со реализација на ваквата наставата и кои едукативни платформи, односно кои начини и облици на електронска комуникација ги употребувале за контакт со учениците/родителите/старателите. Во однос на техничките аспекти целта беше да се анализира дали наставничкиот кадар располагал со ресурси и информатички познавања за спроведување на истата, дали и колкав е бројот на ученици кои поради објективни причини не можеле да ја следат онлајн наставата. Евалуиран беше и аспектот дали училиштата воделе е-портфолија за учениците, односно како ги евидентирале повратните одговори, вклученоста на родителите во учењето од дома, евентуални сознанија во однос на ефектот од онлајн наставата. Воедно, од училиштата се бараше да ги наведат предизвиците и проблемите со кои се соочиле учениците и нивните родители во периодот на реализирање на онлајн наставата.

Таргетирајќи ги училиштата во кои има инклузирано ученици со попреченост интенцијата на Народниот правобранител беше да согледа на

кој/кои начин/и се реализираше онлајн наставата и ефектот од истата кај инклузираните ученици со попреченост. Следствено, во Прашалникот, засебен сет на прашања беа поставени во врска со наведеното.

Во истражувањето беше применето ***анкетирање*** како техника на истражување, со инструмент на истражување***, анкетни прашалници*** изготвени за потребите на истражувањето.

Анкетата се спроведе во период од јуни до август 2020 година, преку Прашалник кој беше доставен до вкупно **72 училишта, (41 основно и 31 средно училиште)** на територија на Република Северна Македонија, при што се внимаваше на правилна дистрибуција на истите, такашто од секој плански регион беа избрани по неколку училишта.

Имено, Прашалникот беше доставен до:

- 14 основни училишта од Скопски регион и 6 средни училишта на Град Скопје,

- 4 основни и 3 средни училишта од Пелагониски регион,

- 3 основни и 2 средни училишта од Полошки регион,

- 5 основни и 5 средни училишта од Југозападен регион,

- 4 основни и 4 средни училишта од Југоисточен регион,

- 4 основни и 4 средни училишта од Источен регион,

- 4 основни и 4 средни училишта од Североисточен регион и

- 3 основни и 3 средни училишта од Вардарски регион.

Еден од критериумите за избор на училиште до кое беше испратен Прашалникот беше во училиштето да има најмалку 3 инклузирани ученици со попреченост. Оваа проценка е направена врз основа на претходно извршени евалуации/истражувања од страна на Народниот правобранител, а од кои произлегоа Посебниот извештај од спроведеното истражување за состојбата со остварувањето на правото на образование на децата со посебни образовни потреби во основните училишта во Република Северна Македонија (објавен

Март 2020 година), како и Посебниот извештај за состојбата со остварувањето на правото на бесплатен превоз на учениците со телесна инвалидност (кои користат инвалидски колички по спроведеното истражување во средните училишта на територијата на град Скопје, во учебната 2019/20 година (објавен Април 2020 година).

Во примерокот на ова истражување влегоа и дополнителен број основни и средни училишта по случаен избор (особено средните училишта, надвор од Градот Скопје). Примерокот на истражувањето е репрезентативен, и покрај тоа што не е целосно рандомизиран, токму од причина што од секој плански регион од државата во истражувањето учествуваа по неколку училишта, односно најмалку по 4 училишта (заедно и основни и средни), па добиените податоци од истражувањето се валидни во смисла на тоа дека можат да се извлечат заклучоци кои релевантно ја презентираат состојбата во однос на наставата во услови на пандемија, со фокус и кон инклузираните ученици со попреченост.

Одговор на Прашалникот доставен е од вкупно 64 училишта од анкетираните 72 (89% стапка на возвратени одговори од сите училишта кои го претставуваа примерокот). Поконкретно одговор доставиле 36 основни (или 88% од вкупно анкетираните основни училишта) и 28 средни училишта (или 90% од вкупно анкетираните средните училишта).




На следните два графикони даден е подетален приказ во однос на тоа во колку училишта беше доставен Прашалникот и колку од нив доставиле одговор на истиот, а анализата е направена според регионот во кој припаѓаат училиштата.


Број на основни училишта - доставени и одговорени Прашалници
16
14
12
10
8
6
4
2
0
14
11
4 4
3 3
5 5
4 4
4 4
4
3
3
2
доставени Прашалници
одговорени Прашалници
Скопски
Пелагониски
Полошки
Југозападен
Југоисточен
Источен
Североисточен
Вардарски


Број на средни училишта - доставени и одговорени Прашалници
7
6
5
4
3
2
1
0
6
5
3 3
2
1
5 5
4 4
4
3
4 4
3 3
доставени Прашалници
одговорени Прашалници
Град Скопје
Пелагониски
Полошки
Југозападен
Југоисточен
Источен
Североисточен
Вардарски

## III. Анализа на добиените податоци

### III.1. Анализа на податоците кои се однесуваат на сите ученици од основните и средните училишта

Анализата на добиените податоци во однос на тоа ***кога училиштата започнале со одржување на онлајн наставата*** покажува една голема шареноликост, и во основните, како и во средните училишта. Па така, согласно одговорите, со онлајн настава во некои училишта е започнато уште на 11.03.2020 г., најголем број од училишта започнале помеѓу 16 и 25 март, а во некои училишта со овој тип на настава е започнато на 31.03.2020.

Во однос на тоа ***кои платформи ги користеле за одржување онлајн настава и кои други начини и облици на електронска комуникација ги користеле за контакт со учениците и нивните родители/старатели***, добиени се одговори дека биле користени следниве: Google classroom, Edmodo, Google Drive, Microsoft Teams, Eduino, Zoom, Viber, Messenger, Facebook, Skype, како и веб страниците на самите училишта. Карактеристично е дека платформата Едуино, како едукативна платформа предложена од страна на ресорното Министерство за образование и наука не е често наведена во одговорите на училиштата, особено не од страна на средните училишта.

Анализата на одговорите од училиштата во однос на прашањето ***колку наставниот кадар располагал со ресурси и информатички познавања за да спроведе квалитетна онлајн настава,*** е прикажана на следните два графикони.







Од горенаведените податоците произлегува дека наставниот кадар, како во основните така и во средните училишта, во најголем процент **делумно** располагал со ресурси и информатички познавања за спроведување на онлајн наставата. Значајно помал е процентот на училиштата кои одговориле дека наставниот кадар во рамките на конкретното училиште е **целосно** подготвен од технолошки аспект, како и од аспект на поседување дигитални вештини и компетенции за реализиација на квалитетна е-настава.

Одговорите на прашањето ***дали има ученици кои поради објективни причини не можеле да следат онлајн настава***, се дадени во продолжение.







Согласно одговорите, **во значаен процент** од училиштата (83% од основните и 68% од средните имало ученици кои **не биле во можност** од објективни причини да следат онлајн настава.

Погоренаведеното прашање беше поставено на уште поконкретна основа, такашто од училиштата се бараше одговор ***дали сите ученици (се мисли на учениците во рамките на конкретното училиште) имале технички можности да следат онлајн настава***. Следствено, **78% од основните и 61% од средните училишта** одговориле нгативно односно дека **не сите ученици имале технички уреди и интернет за непречено следење на наставата**. Истото е прикажано на следните два графикони.







Во најголем број од училиштата **во случај кога ученикот немал пристап до технологија и интернет**, наставниците/професорите воспоставувале контакт со самите учениците или со нивните родители преку телефон и директно им се давале упатства и насоки за работа. Исто така, училиштата печателе и испраќале наставни материјали на домашна адреса на ученикот/ите, доставувале материјали преку соучениците, а дел од училиштата пак, пристапиле и кон други решенија од типот користење на интернет од другари, соседи, роднини и сл.

**Безмалку сите испитани училишта** (со исклучок на две основни и едно средно) одговориле дека **за учениците воделе е-портфолија**, односно дека наставниците воделе евиденција за секој ученик во посебна индивидуална е-

папка. Притоа, **најчесто основните училишта** добивале повратен одговор од учениците (нивните родители/старатели) за сработените наставни единици/содржини, **на дневна, додека средните училишта на неделна основа**. Ова е прикажано на двата графикони подолу.







**Сите училишта одговориле дека учениците имале поддршка од дома за совладување на наставните содржини и активности**, но не сите ученици имале можност да добијат исто ниво на поддршка во домот, односно дека не сите родители ги имале потребните знаења, технички можности и ресурси, целосно да го помогнат процесот на учење кај нивните деца преку далечинско учење.

Во однос на прашањето „***Какви одговори добивте од учениците и нивните родители за ефектот од онлајн наставата“*** одговорите се поделени, односно **се известува за позитивни и негативни споделени мислења**, **но дека општо мислење на учениците/родителите е дека подобри ефекти има наставата која се реализира со физичко присуство во училиште.**

Имено, најчестите негативни мислења се во контекст на тоа дека онлајн наставата била преголемо оптеретување за родителите и дека го нема истиот ефект како класичната настава, дека онлајн наставата делумно ги задоволува потребите на учениците, дека било напорно и создавало отпор кај учениците, дека учениците биле преоптеретени од премногу зададени задачи и дека како проблем се јавило усогласување на распоредот на часови со работното време на родителите.

Од друга страна пак, во одговорите на училиштата кои ги изразуваат позитивни мислења на дел од родителите се наведува дека истите делумно биле задоволни од реализацијата на онлајн наставата, дека се покажала поинтересна особено за оние ученици кои биле пасивни во редовната настава и дека со поголем вложен труд од сите инволвирани страни ефективно се реализирала наставата.

Во однос на психолошките ефекти кои се јавиле кај децата како последица од изолацијата и изменетите услови на живеење и однесување за време на корона кризата, родителите со училиштата споделиле дека кај дел од учениците **се забележувале низа негативни психолошки реакции**, како: појава на збунетост, стрес, ансиозност, страв, нервоза, непослушност, блага агресивност, дека изолацијата влијаела лошо врз децата, често манифестирале неволност и пасивност, нетрпение, невнимание, тешкотии во совладување на материјалот и одбивност кон учењето.

Училиштата наведуваат дека **давале поддршка** во насока на целосен развој на способностите/вештините, како и поддршка во справување со негативните психолошки последици како од страна на наставничкиот кадар, така и од страна на стручната служба, односно дека биле постојано на располагање

(телефонски или онлајн) за давање било каква поддршка, разговор, совет и друг вид помош.

Анализара на одговорите на прашањето ***дали училиштето смета дека онлајн наставата има предности во споредба со класичната*** (презентирано на следните графикони) укажува на тоа дека **само 8% од испитаните основни и 7% од испитаните средни училишта сметаат дека онлајн наставата има предности**. Во образложението на овој став аргументите на кои се повикуваат се следнове: заради заштита на здравјето на учениците во време на здравствена криза, стекнување вештини за нови начини на учење, истражување, пребарување на интернет; развивање на креативноста и вештини за примена на дигитални алатки во учењето и др..






Од училиштата се бараше воопштено да ги наведат **предизвиците и проблемите** со кои се соочиле нивните ученици, односно нивните родители, во периодот на реализирање на онлајн наставата. Дел од добиените одговори се следниве:

- немање на унифицирана е-платформа и отсуство на прецизни насоки од Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието,
- делумна обученост на наставниот кадар за употреба на едукативните платформи и апликации, односно недоволно развиени дигиталните вештини, како и недостаток од обуки за реализирање е-настава,
- немање соодветна опрема (недостиг на технички средства) особено кај ученици од социјално загрозени семејства и кај семејства од руралните средини, како и немање интернет мрежа или слаба интернет конекција, преоптовареност на мрежата особено кај семејства со повеќе деца;
- потешкотии родителите да дадат поддршка при совладување на содржините, особено кај учениците од погорните одделенија,
- потешкотии во координација и соработка меѓу родителите и наставниците/стручната служба;
- ненавремени повратни информации, нецелосно одговарање на задачите.

### III.2. Анализа на податоците во врска со инклузираните ученици со попреченост во основните и средни училишта

**Во 35 од вкупно 36 основни училишта кои одговориле на Прашалникот има инклузирани ученици со попреченост**. Притоа, само во 5 училишта бројот на ученици со попреченост е помал од 5, а во сите други овој број е повисок, при што има училишта и со над 20 ученици со попреченост, па и со вкупно 31 ученик со попреченост опфатени со инклузивното образование.

Со исклучок на 2 училишта во сите други учениците со попреченост ја следат наставата според индивидуален образовен план (ИОП).

**Во 12 средни училишта од вкупно 28 кои одговориле на прашалникот нема инклузирани ученици со попреченост**. Притоа, во 16 средни училишта

бројот на учениците со попреченост е од 1 до 6 ученици, а во едно средно училиште има 24 ученици со попреченост.

Во 13 средни училишта инклузираните ученици со попреченост учат според ИОП.

Во корелација со индивидуалниот образовен план, анализата на добиените податоци од училиштата покажува дека **во 91% од испитаните основни, и 75% од испитаните средни училишта, учениците со попреченост кои имаат ИОП добивале активности и насоки за учење во домашни услови согласно истиот**. Ова е прикажано на следните два графикони.







Во однос на прашањето ***дали во училиштето е вработен специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог)***, од одговорите прозилегува дека **во 58% од испитаните основни и 39% од испитаните средни училишта има вработен специјален едукатор и рехабилитатор**.







Вработениот специјален едукатор и рехабилитатор **во безмалку сите испитани основни училишта бил вклучен во давањето поддршка** на овие ученици за време на онлајн наставата. Само едно училиште одговорило дека ова стручно лице не било вклучено во давање онлајн поддршка.

Од друга страна, според добиените одговори **во сите испитани средни училишта во кои има вработено специјален едукатор и рехабилитатор истиот бил вклучен во давањето поддршка** на овие ученици за време на онлајн наставата.

Го истражувавме бројот на ученици со попреченост кои во учебната 2019/20 имаа поддршка од асистент во наставата (образовен или личен), а

направената анализа на добиените податоци е презентирана на двата графикони подолу.

Добиените податоци укажуваат на тоа дека **во 60% од испитаните основни училишта** во кои учат ученици со попреченост **имало барем еден образовен или личен асистент** во текот на учебната 2019/20 година, а постојат и училишта во кои дури имало и над 10 асистенти, додека во **37% од испитаните средни училишта во кои учат ученици со попреченост имало образовен или личен асистент**, но нивната бројка во средните училишта е најчесто еден до двајца асистенти.




Напомена: Од сите испитани основни училишта, само во 1 нема инклузирано ученици со попреченост, односно во 35 има.



Напомена: Од сите испитани средни училишта, во 12 нема инклузирано ученици со попреченост, односно во 16 има.

На прашањето ***дали учениците со попреченост кои имаа поддршка во учењето (од образовен или личен асистент) ја добиваа поддршката и за време на онлајн наставата,*** одговорите укажуваат на тоа дека **само во 9 (или 43%) од испитаните основни училишта, како и во 4 (или 67%) од испитаните средни училишта во кои имало асистенти во наставата, истите биле вклучени во давањето на поддршка во учењето и за време на далечинското учење**.

Од училиштата баравме одговор на прашањето колку учениците со попреченост можеле да следат онлајн настава, односно насоки и инструкции за работа и учење во домашни услови дадени од наставниците, па анализата на добиените одговори е подолу прикажана.






Од одговорите призлегува дека **и основните и средните училишта во најголем процент** (56% од одговорите на основните и 63% од одговорите на средните училишта) **сметаат дека овие ученици само делумно можеле да следат онлајн настава**.

Од друга страна, 31% од основните и 25% од средните училишта одговориле дека **овие ученици имале значајни проблеми во следењето на наставата**. Најголем број од основните и средните училишта даваат проценка дека онлајн наставата **е само делумно соодветна за овие ученици**.






Во однос на прашањето ***колку од учениците со попреченост имале соодветни ресурси и неопходна поддршка од членовите на семејството*** при реализација на зададените задачи, податоците укажуваат дека поголем број од испитаните училишта (и основни и средни) сметаат дека **повеќето од учениците со попреченост имале соодветни ресурси и неопходна поддршка од членовите на семејството**, но не е за занемарување и процентот на одговори од училиштата кои се одлучиле за опцијата дека повеќето од овие ученици немале соодветни ресурси, ниту поддршка од домот (34% од основните училишта и 13% од средните).






**Најголем број од училиштата** (80% од основните и 76% од средните) одговориле дека **и за учениците со попреченост воделе е-портфолија**, а во контекст на ова, најголем дел од испитаните **основни училишта** одговориле дека **повратен одговор** од учениците со попреченост или нивните родители/старатели во однос на сработените наставни единици/содржини најчесто **добивале на неделна основа**. Од друга страна пак, испитаните **средни училишта** дале одговор дека **повратни одговори добивале најчесто периодично** (еднаш до два пати месечно). Ова е презентирано на следните два графикони.






Во врска со прашањето за **предизвиците и проблемите со кои се соочувале учениците со попреченост**, односно нивните родители, во периодот на реализирање на онлајн наставата, училиштата го наведоа следното:

- немање техничка опрема и пристап до интернет,
- неможност родителите да помогнат во совладување на материјалот, некомпетентност на родителите за примена на дигиталните едукативни платформи,
- неможност за директна комуникација со наставниците, специјалниот едукатор и рехабилитатор и асистентите,
- немање континуитет во давањето стручна поддршка при учењето,
- намалена концентрација, неможност за совладување на новите наставни содржини, одбивање за работа со родителите, одбивност за совладување на материјалот во домашни услови,
- нарушена дневна рутина и губење на воспоставениот ред и начин за учење.

Анализата на одговорите на прашањето ***дали онлајн наставата за учениците со попреченост има предности во споредба со класичната*** е прикажано на следните два графикони.







Од графиконите се увидува дека **најголем дел од училиштата (и основните и средните) сметаат дека онлајн наставата нема предности во споредба со класичниот начин на реализација на наставата**.

Училиштата кои сметаат дека ваквиот начин на учење е предност објаснуват истото го аргументираат со тоа дека ваквата настава гарантира индивидуализиран пристап во учењето односно дека овозможува завршување на задачи со темпо кое одговара на самиот ученик, во позната -домашна средина, во која нема деструктори на вниманието, па е овозможено учениците да имаат подобра концентрација и внимание, поголема мотивација. Исто така, како предност се наведува тоа што на овој начин се заштитува здравјето кое кај

овие ученици е генерално проблем, бидејќи имаат намален имунитет, а особено е соодветна за учениците со хронични болести.

## IV. Општи заклучни согледувања

Предизиците и проблемите на онлајн наставата со кои се соочиле училиштата (и основните и средните), како и нивните ученици, односно родители/старатели освен што се погоре назначени, беа нотирани и во **Мислењето во врска со наставата во услови на далечинско учење*** кое Народниот правобранител на 22.07.2020 постапувајќи по предмет по сопствена иницијатива НП бр.987/20 го достави до министерот за образование и наука.

Анализата на добиените одговори од училиштата укажува на следниве факти:

- ***со реализација на онлајн настава училиштата (и основните и средните) не започнале истовремено***. Изненадува фактот што извесни училишта одговориле дека со онлајн настава започнале уште на 11.03.2020, уште од денот кога Владата одлучи воспитно-образовниот процес и наставата во сите училишта да биде прекинат, но дури на 23 март со донесувањето на Уредбите со законска сила од страна на Владата, наставата во сите основни и средни училишта, беше уредено да се организира преку далечинско учење односно учење од дома. Од друга страна пак, постојат и училишта кои одговориле дека со овој тип на настава започнале на 31.03.2020, односно 20 дена по затворањето на училиштата;

- ***училиштата користеле различни платформи за одржување онлајн настава и за електронска комуникација и контакт со учениците и нивните родители/старатели***. Платформата Едуино, како едукативна платформа предложена од страна на ресорното министерство не била користена од голем број на училиштата, особено не од страна на средните училишта, а според сознанијата, наведеното е поради тоа што на истата не беа

* Мислењето во врска со наставата во услови на далечинско учење е дадено во Прилог

застапени голем број на наставни содржини кои беа наменети за средношколците;

- ***наставниот кадар, и во основните и во средните училишта, во најголем процент само делумно располагал со ресурси и информатички познавања за да спроведување на онлајн наставата***. Многу е мал процентот на училиштата кои одговориле дека нивниот кадар е **целосно** подготвен како од технолошки, така и од аспект на нивните информатички познавања, вештини и компетенции за реализација на квалитетна е-настава.;

- ***несомнено е дека има ученици кои не биле во можност од објективни причини да следат онлајн настава***, ***односно не сите ученици имале технички уреди и интернет за непречено следење на наставата***;

- ***од страна на училиштата се воделе е-портфолија***, за евиденција на повратните одговори од учениците (нивните родители/старатели), при што основните училишта најчесто ги добивале **на дневна или на неделна основа**;

- ***учениците имале поддршка од дома за совладување на наставните содржини и активности***, но не сите ученици имале можност да добијат исто ниво на поддршка во домот;

- ***постојат и позитивни и негативни споделени мислења по однос на прашањето за ефектот од онлајн наставата***, но општо мислење на учениците/родителите е дека **подобри ефекти има класичната настава**;

- ***биле евидентирани низа негативни психолошки реакции кај учениците,*** а од страна на наставничкиот кадар, како и од стручната служба **била давана поддршка** во справување со негативните психолошки последици;

- ***не сите образовни асистенти кои во текот на учебната 2019/20 година давале поддршка во учењето на учениците со попреченост, биле вклучени и во давањето на поддршка во учењето и за време на далечинското учење***. Народниот правобранител се стекна со сознание дека на голем број од асистентите во наставата со отпочнувањето на онлајн настава им беа прекинати договорите за работа.

Во врска со он лајн наставата на учениците со попреченост во редовните и средни училишта истражувањето покажа дела:

- ***учениците со попреченост само делумно можеле да следат онлајн настава, или имале значајни проблеми*** во следењето на наставата;

- основните и средните училишта во најголем процент сметаат дека ***онлајн наставата е само делумно соодветна за овие ученици***;

- ***повеќето од учениците со попреченост имале соодветни ресурси и неопходна поддршка од членовите на семејството***, но не е за занемарување ниту процентот на одговори од училиштата кои сметаат дека ***повеќето од овие ученици немале соодветни ресурси, ниту поддршка од домот***;

- најголем број од училиштата воделе е-портфолија ***за учениците со попреченост,*** во кое ги евидентирале повратните одговори кои најчесто ги добивале на ***неделна основа или периодично***.

## V. Препораки

Влијанието на пандемијата од Ковид-19 врз наставата генерално, многу е веројатно да има долгорочни последици, врз сите деца, вклучително и врз децата со попреченост, при што во вакви новонастанати услови уште повеќе се потенцираат веќе постоечките проблеми во наставата со кои истите се соочуваат.

Народниот правобранител, во насока на обезбедување услови за непречено и безбедно образование по здравјето на секое дете во основните и средните училишта, со фокус и на инклузираните ученици со попреченост ги дава следниве **препораки**:

- Итно да се преземат мерки за анализа на постојната состојба со училиштата (основни и средни) на цела териоторијана Република Северна Македонија, заради согледување на постојните услови од материјален, технички, инфраструктурен, кадровски и друг аспект што е од особено значење при изборот на модалитетот на реализирање на настава во новата учебна година, а во согласност со препораките на надлежните здравствени органи, со цел секое дете да биде безбедно.

- Следствено, Министерството за образование и наука во соработка со сите органи и институции, и со активно учество на родителите и претставниците на учениците при одлучувањето за начинот на кој ќе се реализира образованиот процес пред се да се раководи од најдобриот интерес на детето, неговото право на непречено и квалитетно образование, да ги идентификува потребите и на најмаргинализираните популации, вклучително учениците со попреченост, без разлика дали се вклучени во редовните или посебните училишта, и да се погрижат за непречен пристап, учество и успех во системот на образование на секое дете, на подеднква основа.

- Бирото за развој на образованието да преземе мерки за ревидирање на наставните планови и програми и доколку е потребно изработување на скратени наставни програми, кои ќе им овозможат на наставниците

поголема флексибилност во спроведувањето, во согласност со избраниот модалитет за реализација на наставата (онлајн/со физичко присуство/или комбинирано). Во тој контекст, да се преземат мерки за прилагодување на постоечките наставните програми и планови како истите би гарантирале ефикасен наставен процес за сите ученици од основните и средните училишта, со фокус и кон учениците со попреченост.

- Надлежните органи да обезбедат услови за дигитализација на наставата на начин што ќе се овозможи истата да биде достапна на секој ученик, вклучително и на децата од руралните средини, социјално загрозените семејства и учениците со попреченост. Да се обезбеди еднаков пристап до квалитетно и непречено образование за маргинализираните и најранливите категории деца, односно образовен систем во кој никој нема да биде заборавен.

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната ИКТ опрема и стабилен интернет во училиштата, особено доколку наставниците ја реализираат онлајн наставата од училиница. Од друга страна да се обезбеди технологија и бесплатен интернет и за оние ученици/семејства кои тоа не можат самите да си го дозволат.

- Доколку наставата за одредени ученици се реализира во рамки на училиштата, тогаш, локалните власти во соработка со ресорното министерство и училиштата да преземат мерки во целост да ги спроведуваат протоколите дадени од страна на Комисијата за заразни болести со цел превенција и заштита на здравјето, притоа нужно е да се стави приоритет на вложување повеќе средства за набавка на дезинфекциони средства, како и персонал кој ќе се биде задолжен за одржување високо ниво на хигиена.

- Да се преземат мерки со цел училиштата да обезбедат план за следење на настава која ќе овозможи физичко дистанцирање меѓу учениците и можност за реализација на наставата на отворено секогаш кога тоа е можно. Преземените мерки да бидат во насока на што поголема

безбедност и зачувување на здравјето на учениците, наставниците и целокупниот персонал. Освен планови и протоколи за заштита на сите учесници во наставата, секое училиште да има точно утврден протокол за постапување, и тоа во најкус можен рок, во случај доколку некој покажува симптоми на Ковид-19.  Следствено, во училиштата да создадат тимови за здравствена заштита кои ќе бидат целосно подготвени да ги идентификуваат симптомите на болеста и да следат протоколи за натамошно постапување и информирање на здравствените служби.

- Воведување на унифицирана национална платформа за далечинско учење која ќе одговара за сите учениците при основните, но и при средните училишта, како во гимназиско  така и во стручно образование. Притоа, истата да има содржини од сите наставни јазици и по сите наставни предмети, како и прилагодени наставни содржини на способностите за учење на учениците со попреченост.

- Задолжителна редовна и континуирана обука на наставниците за користење на дигиталните едукативни платформи и алатки за реализација на квалитетна настава адаптирана според можностите за учење на секое дете.

- Задолжително вклучување на образовните асистенти во давањето на поддршка во учењето за учениците со попреченост и при учење од далечина односно од дома.

**ПРИЛОГ: Мислење во врска со наставата во услови на далечинско учење НП бр.987/20 од 22.07.2020 година**

Почитуван министер,

Народниот правобранител, согласно членовите 2 и 11-б од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр.60/03,114/09,118/16,189/16 и 35/18), врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост, преку посебното одделение за заштита на правата на децата и лицата со попреченост.

Постапувајќи по предмети по сопствена иницијатива, како и следејќи ги состојбите, истражувањата и споделените мислења и ставови на релевантни организации (УНИЦЕФ, УНДП, Младински Образовен Форум, Сојузот на средношколци и други), Народниот правобранител се стекна со сознанија дека образовните институции не беа целосно подготвени за далечинско учење, особено во почетокот на Корона кризата, а притоа, најпогодени од состојбата се учениците, особено оние во руралните средини, учениците од социјално загрозените семејства, како и учениците со попреченост.

Имено, сите ученици немаа пристап до потребната технологија, средства и интернет за реализација на зададените задачи од страна на наставниците, а не ја добиваа на исто ниво ниту поддршката за совладување на материјалот, што дополнително води до нееднаквност и неможност за целосно вклучување во процесот на учење и совладување на знаења, умеења и вештини.

Неспорно е дека поради новонастанатата ситуација со вирусот Ковид-19, ширум светот, па и кај нас, учењето од далечина стана исклучително актуелно во првата половина од 2020 година, и истото се примени како единствено можна безбедна опција по здравјето на сите учесници во образовниот процес. Истовремено, кризата настаната поради вирусот ги истакна проблемите, потребите и предизвиците во организирање на образование од далечина, особено сво отсуство на системски решенија и развиени документи кои предвидуваат конкретни активности и мерки за реализација на учење од далечина, и немање на развиени стандарди за е-учење, како и национална платформа за поддршка за учење од далечина во основното и средното образование.

Од друга страна, во време на пандемии доаѓа до потешкотии или до целосен прекин во пристапот до образование, пришто најпогодени заедници се децата од неповолните групи  (ученици со посебни образовни потреби,

поконкретно деца со попреченост, Роми, мигранти, бегалци и други деца и млади во социјален ризик).

Влијанието на пандемијата од Ковид-19 врз наставата генерално, многу е веројатно да има долгорочни последици, врз овие деца, при што во вакви новонастанати услови уште повеќе се потенцираат веќе постоечките проблеми во наставата со кои истите се соочуваат.

Народниот правобранител, следејќи ја состојбата со образованието на децата согледа дека за време на траењето на онлајн наставата (почнувајќи од средината на март, па се до крајот на учебната година) училиштата и наставниците не добија унифициран систем, издржана платформа преку која секојдневно ќе комуницираат со учениците и ќе ја реализираат наставата. Имено, кон крајот на март со појавувањето на платформата за далечинско учење Едуино се забележаа низа пропусти на самата платформа, првенствено поради тоа што повторно станува збор за еднонасочно предавање на материјалот преку кратки видеа подготвени од малкумина наставници-ентузијасти, при што многу теми се повторуваа, а истовремено одредени теми воопшто не беа обработени, па дури и недостигаа цели наставни предмети. Имајќи ги предвид реакциите и забелешките на родителите и учениците, прозилегува дека платформата Едуино не беше системско решение кое беше општоважечко и обврзувачко за секое училиште, односно за секој ученик.

Дополнителни проблеми на кои се реагира од учениците, родителите/старателите се преобемниот наставен материјал кој самите ученици, помогнати од нивните родители требаше да го совладаат, онлајн оценувањето, немањето на соодветни инструкции од страна на ресорното министерство до наставниот кадар и стручните служби во училишта како да ги поддржат учениците кои се соочуваа со низа негативни психолошки ефекти, поради што з дел од учениците наставата на далечина беше само формалност, а не вистинска замена за редовната настава, односно наставата повеќе се базираше на импровизации, а не на системски, сериозно разработени решенија и добро осмислен план.

Учениците покрај наведеното, се соочуваа со проблеми поврзани со менаџирање на сопственото време како резултат на онлајн наставата. Особено беше тешко за учениците од пониските одделенија, па нивните родители често

требаа да го поминат поголемиот дел од времето помагајќи им да се снајдат со платформите, работејќи на домашните задачи и објаснувајќи го наставниот материјал. Оттука, неспорно е дека родителите кои немаат познавање од информатичката технологија се соочија со поголеми проблеми и имаа потреба да бараат помош од други лица. Притоа, загрижува сознанието дека за оние ученици кои не можеа да обезбедат таква помош или поддршка од различни причини, вклучително и материјални (финансиски) или недоволно (слабо) познавање на ИТ технологија на родителите, ваквиот начин на настава или не беше достапно, или пак беше повеќе пасивно присуство отколку активно учество, што несомнено претставува проблем кој треба да се има предвид и да се преземат мерки со цел надминување на ваквата состојба.

Секако и самите наставниците се соочија со голем број предизвици за време на онлајн наставата. Дел од нив беа неподготвени, без соодветни ИТ компетенции и без соодветна поддршка. Критериумите и насоките дадени од Министерството во однос на оценувањето и следењето на напредокот на учениците не беа соодветни и ефективни, од причина што наставниците не можеа со сигурност да потврдат дали изработените домашни работи самостојно се изработени од страна на учениците.

Народниот правобранител истакнува дека за надминување на гореспоменатите проблеми потребно е изнаоѓање системски решенија од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, преку добро осмислена платформа за учење со адекватно разработени наставни содржини од секој наставен предмет, на сите наставни јазици и за секоја возраст на учениците, со дополнително разработени наставни содржини за учениците со попреченост. Понатаму, изнаоѓање соодветна методологија со давање конретни насоки за наставниците за објективно оценување и следење на напредокот на учениците. Обезбедување на потребната поддршка на семејствата во социјален ризик, акко во однос на неопходните технолошки средства и опрема за следење настава од далечина, така и нивно поддржување во стекнувањето и развојот на дигитални вештини со кои ќе можат да им помогнат на своите деца. Покрај наведеното, сметаме дека треба да се разгледа можноста за донесување на одлуки во врска со наставата во услови на далечинско учење со широка консултација на сите засегнати страни (ученици, родители, наставници) како и стручната јавност и граѓанските организации.

Инаку, Народниот правобранител позитивно го оценува уредувањето на образованието преку Концептот за развивање систем за образование од далечина во основните и во средните училишта, со оглед на огромното значење кое овој вид на настава го има воопшто, а особено во услови на пандемија од Ковид-19.

Истовремено, Народниот правобранител изразува загриженост дека за јавна расправа по нацрт верзијата на гореименуваниот документ беше даден прекраток временски рок, а до почеток на новата учебна 2020/21 година останува нешто повеќе од еден месец, а до овој момент се уште не е јасно дали и како ќе започне претстојната учебна година односно на кој начин ќе се реализира наставата, истата да биде целосна, ефикасна и ефективна, да биде достапна за секое дете (ученик), а без притоа да се загрози здравјето на учениците, но и вработениот кадар.

Со цел да се согледа каква е состојбата со остварувањето на правото на образование на учениците со попреченост во услови на далечинско учење, Народниот правобранител тековно спроведува истражување на репрезентативен број општински основни и средни училишта во државата, а по анализата на добиените податоците од спроведеното истражување ќе биде изготвен Посебен извештај кој ќе содржи препораки во насока на надминување на актуелните проблеми и предизивици со кои се соочуваат учениците со попреченост во совладувањето на наставните содржини  во услови на далечинско учење.

Инаку, анализата на досега добиените одговори од испитаните основни и средни училишта потврдува дека има ученици кои поради објективни причини не можеле да ја следат е-настава, дека во повеќето училишта наставниот кадар делумно располага со ресурси и информатички познавања за да спроведе квалитетна онлајн настава, дека многу мал број од родителите на учениците споделиле позитивни искуства од онлајн наставата, односно повеќето се изјазниле дека овој тип на настава била преголемо оптеретување за нив, дека образованието не е доволно подготвено за реализирање на онлајн настава, како и дека го нема истиот ефект како класичната настава. Дополнително присутни се и негативни реакции во врска со обемот на задачи по одредени предмети, усогласувањето со термините за работа по сите предмети што било особено проблематично доколку во семејството има повеќе ученици и сл.

Средните училишта ги истакнуваат и следниве проблеми: недоволни ресурси, неприлагодена наставна програма, недостаток од онлајн платформа од Министерството за образование и наука, особено за стручните училишта, немање упатства за реализација на практична настава, недостаток од обуки за користење на ИКТ во наставата преку кои би се зајакнале компетенциите на наставниците за далечинско учење, немање техничка опрема на дел од наставниците и учениците и сл. Исто така, истражувањето покажува дека ефектот со далечинско учење е послаб, тешко се постигнувало самостојното совладување на содржините, особено за учениците во средните училишта бидејќи родителите ги немале соодветните компетенции ниту предзнаења за да им помогнат на децата во совладувањето на содржините. Скоро сите училишта се сложуваат со констатацијата дека онлајн наставата нема предности во споредба со класичниот начин на реализирање на наставата.

Од друга страна, во однос на онлајн наставата за учениците со попреченост сите досега пристигнати одговори од училиштата се во насока дека овој тип на настава е несоодветен и дека ништо не може да ја замени директната лице-в-лице работа со овие ученици, од една страна поради нивните карактеристики, можности и способности за учење, а од друга страна поради фактот што голем број од овие ученици ги немаат потребните ресурси за следење настава од дома.

Дополнително, Народниот правобранител, по сопствена иницијатива презеде дејствија за согледување на фактичката состојба, предизвиците и проблемите со кои се соочија учениците со попреченост и нивните родители/старатели во сите посебни основни и средни училишта во Република Северна Македонија.

Досегашните пристигнати одговори од страна на посебните основни и средни училишта потврдуваат дека онлајн наставата воглавно не одговара за овие ученици, односно дека истата практично не можела успешно да биде спроведена од повеќе причини. Притоа, се укажува на немање пристап до технолошки ресурси и интернет неопходни за далечинско образование, со што голем дел од учениците немале континуитет во едукацијата; неможност за ефективно совладување на наставниот материјал, поради неможноста за користење на едукативно-дидактички наставни материјали и средства кои ги поседуваат и кои ги користат посебните училишта во наставата; недоволно

развиени компетенции на наставникот кадар за спроведување квалитетна е-настава; неможност за директно следење на инструкции и насоки за работа од страна на наставниците-специјалните едукатори и рехабилитатори; неможност родителите да им ја дадат потребната поддршка за совладување на наставните содржини на своите деца; негативен ефект поради нарушување на веќе стекнатите дневни рутини и шеми на однесување што генерално предизвикало низа негативни психолошки и бихејвиорални последици кај децата и сл.

Покрај наведеното, од одговорите произлегува дека социјалната изолација и неможноста секојдневно да комуницираат со своите наставници/професори, стручните лица и другарчиња придонело за појава на анксиозност, облици на предизвикувачко однесување, како појава на агресија кон себе и кон лицата од околината и сл.

Народниот правобранител, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за народниот правобранител, а со цел да придонесе за подобрување на квалитетот на наставата во услови на далечинско учење, како и заради усогласување на Концептот за развивање систем за образование од далечина во основните и во средните училишта со Конвенцијата за правата на детето и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, тргнувајќи од основните начела на кои се темелат споменатите Конвенции, како што е најдобриот интерес и целосниот развој на детето/ученикот, врз основа на еднаквост, достапност и инклузија, го дава следното **Мислење:**

Учењето од дома и натаму ќе остане предизвик за родителите, особено за семејствата во социјален ризик кои има потешкотии со обезбедување на технички предуслови за следење на настава од далечина, како и поради тоа што некои родители воопшто не се во можност ефикасно да ги поддржат своите деца во совладувањето на наставните содржини, што има негативен ефект во континуитетот на едукацијата на децата.

Не треба да се занемарат децата односно учениците кои имаат проблеми да се адаптираат на учењето од далечина, поради недостатокот или целосната оневозможеност да пристапат до онлајн платформите за учење, односно од причина што немаат технички средства и интернет конекција за комуникацијата со своите наставници.

Влијанието на пандемијата од Ковид-19 врз наставата генерално, многу е веројатно да има долгорочни последици, особено врз најранливите и

маргинализираните ученици, како што се учениците со попреченост, Ромите, мигрантите, бегалците, и во овие новонастанати услови уште повеќе се видливи веќе постоечките проблеми во наставата кои овие ученици и онака ги имаат, па следствено треба да се преземат соодветни мерки.

Со оглед на тоа дека многу образовни системи сега нудат онлајн модалитети на учење, императив е да се остварат сите предуслови во смисла на дигитализација на наставата, но при тоа истата да биде достапна за сите ученици.

Во овој контекст Народниот правобранител ги има предвид и податоците од спроведени студии кои покажуваат дека учениците од малцинските групи имаат поголеми шанси да не следат редовно настава, да имаат пониски резултати во однос на постигнувањата или да го напуштат школувањето, па поради тоа потребно е да се дефинираат политики со кои ќе се надминат овие проблеми.

Следствено, потребно е итно да се пристапи кон подготовка, мониторирање и евалуација на инклузивните едукативни политики насочени кон поддржување на учениците од неповолните групи, особено во поглед на дигитализација на образованието за што овие ученици треба да бидат добро подготвени (и од технички аспект, но и од аспект на развој на нивните ИТ вештини).

Покрај наведеното, и наставниот кадар исто така, треба да биде добро подготвен за дигитализацијата на наставата, особено оние наставници кои работат со учениците од неповолните групи, па во тој контекст за наставниците потребно е итно организирање на обуки како би можеле во иднина да излезат во пресрет на потребите на своите ученици.

Почитуван министер,

Наведеното Мислење кое го дава Народниот правобранител има за цел да допринесе во подобрување на квалитетот на образованието од далечина, како и на Концептот за развивање систем за образование од далечина во основните и во средните училишта во Република Северна Македонија, при што, уште еднаш потенцира дека обезбедувањето на правото на образование во

услови на учење од далечина подразбира зајакнување на капацитетот на образовниот систем во целина, со цел да допре до сите ученици, целосно и ефективно учество, пристапност, присуство и успех на сите ученици, особено оние кои, поради различни причини, се исклучени или се во ризик да бидат маргинализирани.

Далечинското образование бара длабока трансформација на образовните системи вклучително и механизмите за финансирање, управување, осмислување, реализација и следење на успехот и напредокот на сите ученици во услови на образование од далечина.

Напоменуваме дека Народниот правобранител преку Одделението за заштита на правата на детето и лица со попреченост ќе продолжи да ги следи состојбите со остварување на правата на децата и лицата со попреченост воопштено, а особено во однос на остварувањето на правото на образование, а со оглед на состојбата со Корона кризата и можностите за образование со примена на далечинско учење, ќе постапува согласно законските надлежности, Конвенцијата за правата на детето и Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост.

Народниот правобранител очекува сериозно да биде разгледано ова Мислење од страна на Министерството за образование и наука, како и органите во состав на ова Министерство, а за преземените мерки согласно даденото Мислење да се извести Народниот правобранител, во рок од 30 дена од приемот на истото, согласно член 34 од Законот за народниот правобранител.

**Изработил: В.К**

**ЗАМЕНИК НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**м-р Васка Б-Мустафа**